Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јули 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** .... 2

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** .... 3

Индустриско производство .... 3

Број на работници во индустријата .... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар .... 5

Индекси на прометот во индустријата .... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти .... 7

Промет во секторот трговија .... 8

Инфлација .... 8

Берзански цени .... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** .... 11

Извоз .... 12

Увоз .... 12

Салдо на трговска размена .... 13

Валутна структура .... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** .... 14

Буџетски приходи и расходи според економската класификација .... 14

Расходи по буџетски корисници .... 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** .... 18

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување .... 18

Плати .... 19

Пензии .... 19

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** .... 20

Примарни пари .... 21

Депозитен потенцијал .... 21

Кредити на банките .... 22

Каматни стапки на депозитни банки .... 22

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јули 2025 година

- Во јули 2025 година, индустриското производство забележа раст од 4,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во јули 2025 година изнесува 4,8% на годишно ниво и споредено со претходниот месец се забележува нејзино зголемување (4,5% во јуни 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 1,1%;
- Во периодот јануари - јули 2025 година, извозот забележа раст од 3,1%, а увозот од 2,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,5% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – јули 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 187.300 милиони денари, што претставува 51,7% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,2% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јули 2025 година изнесува 213.407 милиони денари, што претставува 52,9% од годишниот план и бележи зголемување за 9,6% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во јули 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 13,0% во споредба со јули 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките, исто така, оствари раст од 13,0%;
- Просечната исплатена нето-плата во јуни 2025 година достигна 45.468 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 8,4% и реален раст од 3,8%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 103.716 денари.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јули 2025 година, индустриското производство забележа раст од 4,1% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија за 7,0%, додека намалување на производството бележат секторите: Рударство и вадење камен за 10,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,5%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јули 2025 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 58,9% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на електрична опрема за 15,3% со придонес од 1,1 п.п., кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 26,5% со придонес од 4,5 п.п. и кај производството на машини и уреди за 4,6% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување бележи единствено производството на метали за 19,6% со придонес од -0,7 п.п.

Од традиционалните гранки, во јули 2025 година се забележува зголемување во следните гранки: производство на тутунски производи за 14,9% со придонес од 0,1 п.п., производство на кожа за 24,2% со придонес од 0,1 п.п., производство на текстил за 1,7% со придонес од 0,1 п.п., производство на облека за 1,1% со придонес од 0,1 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 9,2% со придонес од 0,1 п.п., а намалување на производството се забележува кај гранките: производство на прехранбени производи за 11,2% со придонес од -1,2 п.п. и производство на пијалаци за 11,9% со придонес од -0,4 п.п..

Во јули 2025 година споредено со јули 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 12,5% со придонес од 3,7 п.п.), Капитални производи (раст од 18,6% со придонес од 4,8 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 2,9% со придонес од 0,1 п.п.), а намалено во групите: Енергија (пад од 6,5% со придонес од -0,6 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 8,5% со придонес од -2,7 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – јули 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 13,9%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 1,3%), додека пад се забележува во групите: Енергија (за 8,2%), Капитални производи (за 1,0%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 0,5%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2025 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
3 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
4 - Производство на електрична опрема
5 - Производство на другу неметални минерални производи

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2025 година)*




1 - Производство на прехранбени производи
2 - Останата производствена индустрија
3 - Производство на метали
4 - Вадење на руди на метал
5 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во јули 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 3,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,4%, Преработувачка индустрија за 4,0%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди за 11,2%, производство на тутунски производи за 8,1% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 5,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 0,3%, и Трајни производи за широка потрошувачка за 9,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јули 2025 година бележи пад за 4,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,6%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 13,9%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во јули 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,2% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,8%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 8,2% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 1,9%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во јули 2025 година во споредба со јули 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 7,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 5,1%, Производи за широка потрошувачка за 4,7% и Нетрајни производи за 4,9%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – јули 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,2%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 0,5%, Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 16,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,4%.

Во периодот јануари – јули 2025 во споредба со јануари – јули 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 15,0%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,1% и Нетрајни производи за 5,3%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јули 2025 година во однос на јули 2024 година бележи раст од 13,8%. Растот се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 15,2%, додека секторот Рударство и вадење камен бележи пад од 17,4%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во јули 2025 година во споредба со јули 2024 година, прометот во индустријата се

зголеми во сите групи: Интермедијарни производи освен енергија за 2,6%, Капитални производи за 36,4%, Трајни производи за широка потрошувачка за 7,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,6%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во јули 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 106,0%);
- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 36,8%) и
- Поправки и инсталирање машини и опрема (раст од 33,4%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – јули 2025 година во споредба со истиот период минатата година, прометот во индустрија бележи раст од 8,1%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 0,9% и Прерабоувачка индустрија за 8,4%.

Во периодот јануари - јули 2025 година во споредба со периодот јануари – јули 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 5,8%, Капитални производи за 13,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,1%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2025 година се забележува зголемување кај одобренијата за градење, по падот од претходниот месец (213 одобренијата за градење во јуни 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 401, што претставува раст од 7,2% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 10,1% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 56,9%) и за објекти за реконструкција за 38,0%, додека кај бројот на издадени одобренија за нискоградба се забележува намалување за 38,7%. Висок раст се забележува и кај физичките лица и кај деловните субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сè во Полошкиот, Југоисточниот и Вардарскиот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јули2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со јуни 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 88,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2025 година е повисока за 345,3% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа, исто така, бележи раст, и тоа за 552,6%. Зголемената вредност се должи на фактот дека во референтниот период е издадено одобрение за градба на ветерен парк во вредност од 500

милиони евра (за производство на електрична енергија од ОИЕ) во општините Штип, Радовиш и Карбинци.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 228 (или 56,9%) се наменети за објекти од високоградба, 46 (или 11,5%) за објекти од нискоградба и 127 (или 31,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 401 издадено одобрение за градење, на 232 објекта (или 57,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 169 објекти (или 42,1%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јули 2025 година предвидена е изградба на 667 станови со вкупна корисна површина од 60.676м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 156,5% на месечно ниво, а намален за 17,5% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Вкупната вредност на извршените градежни работи во јуни 2025 година изнесува 3.819 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 15,5%, при што раст се забележува кај нискоградбатата за 15,1% и кај високоградбата за 27,4%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад за 58,0%. Споредено со мај 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 34,1%, и тоа кај високоградбата за 28,3% и кај нискоградбата за 45,6%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад од 60,7%. Кумулативно, во периодот јануари – јуни 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 16.255 милиони денари, што е за 10,0% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - јуни 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 10.177 милион денари, односно за 4,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 19,7% и изнесува 5.365 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 712 илјади денари, односно 26,5% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - јуни 2025 година се зголеми за 10,8%, при раст кај високоградбата (20,7%), кај специјализираните градежни работи (27,6%) и кај нискоградбата (5,2%).

## Промет во секторот трговија

Во јули 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот за 0,4%, по растот од 7,7% во јуни 2025 година. Вредноста на прометот во јули 2025 година изнесува 72.283 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - јули 2025 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 465.881 милион денари, што е за 2,0% повеќе во однос на истиот период минатата година.




Кумулативно, во периодот јануари - јули 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 188.169 милиони денари, што е за 4,3% повеќе во споредба со истиот период минатата година и трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 28.623 милиони денари, односно за 6,7% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесувала 249.089 милиони денари, што е за 0,2% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во јули 2025 година, трговијата на мало бележи пад од 2,3%, по растот од 13,1% во јуни 2025 година, додека анализирано по групи и класи намалување се забележува и кај групите: трговија на мало со непрехранбени продукти за 6,6% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,4%, додека зголемување бележи единствено групата трговија на мало со автомобилски горива за 2,2%.

Во јули 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,4%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,6%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,0%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јули 2025 година изнесува 4,8% на годишно ниво и споредено со претходниот месец се забележува нејзино зголемување (4,5% во јуни 2025 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од забрзувањето на растот на инфлацијата кај прехранбената базична компонента.




Во периодот јануари - јули 2025 година, просечната инфлација изнесува 4,0% на годишно ниво.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) во јули 2025 година регистрираше забрзување на растот споредено со претходниот месец и изнесува 5,5% на годишна основа (5,1% во јуни).

Овој месец, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваат 6,8% и тие забележуваат забрзување на растот во споредба со претходниот месец (6,3% во јуни), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во јули изнесува 2,7 п.п. и е зголемен за 0,2 п.п. во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: овошје (годишен раст од 29,1% и придонес од 0,6 п.п.), зеленчук(годишен раст 11,4% и придонес од 0,6 п.п.), безалкохолни пијалаци (годишен раст од 18,3% и придонес од 0,5 п.п.) и месо (годишен раст од 3,6% и придонес од 0,3 п.п.).



Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP (*придонеси во п.п.*)

Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, по растот на цените на Храна и безалкохолни пијалаци, највисок годишен раст на цените во јули 2025 година е забележан во категоријата Рекреација и култура од 6,6%.

Раст на цените е регистриран и кај следните категории, и тоа: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 5,1%, Транспорт од 4,6%, Облека и обувки од 3,6%, Разновидни стоки и услуги од 3,1%, Здравствена заштита од 3,0%, Ресторани и хотели од 2,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,8%, Комуникации од 1,1% и Образование од 0,3%.

Во јули 2025 година, потрошувачките цени се зголемија за 1,1% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,8%) што се должи на растот во повеќе категории од која најголем придонес има категоријата Транспорт. Овој месец цените регистрираа раст и во следните категориие: Транспорт од 9,9%, Рекреација и култура од 2,1%, Ресторани и хотели од 1,2%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,7%, Здравствена заштита и Храна и безалкохолни пијалаци од по 0,3% и Облека и обувки и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%. Цените во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици се намалија за 0,1%, додека цените во категориите Комуникации и Образование останаа непроменети.



Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во јули 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната остана непроменета во споредба со јуни и изнесува 2,0%[1].

Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација, на краток рок се очекува благо намалување на 2,0% во 2025 година, пред да се намали на 1,6% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Вкупната инфлација се очекува да падне под 2% во вториот квартал од 2025 година и да продолжи да се намалува до минимум од околу 1,4% во почетокот на 2026 година. Зголемувањето на вкупната инфлација на 2,0% во 2027 година се должи на привременото придвижување на цената на енергијата во нагорна насока, како резултат на мерките поврзани со енергетската транзиција.

[1] Податокот е процена на Евростат

## Берзански цени

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 0,7% на месечно ниво и изнесува 71,0 долар за барел. Благото намалување се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција претходниот месец, односно смирувањето на тензиите на Блискиот Исток т.е конфликтот помеѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 16,8%.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2025 година, цената на природниот гас[2] се намали за 1,5% на месечно ниво. Намалувањето на цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои пониска побарувачка поради временските услови и високо ниво на залихи на европските складишта, а од друга страна зголемена понуда и намалување на притисокот од геополитичките тензии. Во јули 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 23,4% на годишно ниво.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во јули 2025 година изнесува 102,56 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 22%. Овој месец, цените на електричната енергија се зголемија како резултат на неколку фактори, меѓу кои и временските услови, односно повисоките температури и намаленото производство на енергија од обновливи извори и зголемената цена на гасот. Во јули, цената на електричната енергија се намали за 23,8% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Овој месец, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување, и тоа: цинкот за 4,1%, калајот за 3,3%, алуминиумот за 3,2%, оловото за 1,0% и никелот за 0,2%. Намалување на цените на месечно ниво забележа бакарот за 0,7%. Цената на железната руда регистрираше раст од 5,3% на месечно ниво.

Во јули 2025 година, цената на златото се намали за 0,4%, додека цените на другите благородни метали регистрираа раст, па така цените на платината и среброто се зголемија за 11,1% и 4,7%, соодветно.

[2]Natural gas index (2010=100)

Во јули, цените на пченката и на пченицата се намалија на месечна основа за 2,1% и 3,1%, соодветно. На месечна основа, цената на сончогледовото масло се намали за 0,1%.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2025 година изнесува 11.372,4 милиони евра и бележи раст од 2,8% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари - јули 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,8 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите седум месеци од 2025 година изнесува 21,1% и е намалено за 2,5 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите седум месеци од 2025 година изнесува 4.709,7 милиони евра и бележи раст од 3,1% (142,0 милиона евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,4% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во јули 2025 година изнесува 666,3 милиони евра и бележи раст од 4,4% (28,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 0,4% споредено со јули 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2025 година извозот бележи пад од 4,2% (29,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 0,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,5 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите седум месеци од 2025 година е зголемена за 21,4 милиони евра, што претставува раст од 7,1% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 11,6%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на извозот на храна во првите седум месеци од 2025 година изнесува 6,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот извоз на храна има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (42,4%), жита и преработки од жита (22,6%), млечни производи и јајца (9,3%) и месо и преработки од месо (8,8%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите седум месеци од 2025 година изнесува 6.662,7 милиони евра и бележи раст од 2,6% (171,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 6,6%.

Вредноста на увозот во јули 2025 година изнесува 985,4 милиони евра и бележи раст од 4,1% (38,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се намалени за 5,5% споредено со јули 2024 година.



**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*

Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*

Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2025 година увозот бележи раст од 0,3% (3,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 1,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (0,8 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите седум месеци од 2025 година е зголемена за 37,7 милиони евра, што претставува раст од 6,1% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,6%. Во првите седум месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,9% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот увоз на храна има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,2%), овошје и зеленчук (16,1%), жита и преработки од жита (13,1%), кафе, чај, какао и зачини (11,7%) и млечни производи и јајца (11,4%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 80,0 | 47,3 | -32,7 | -40,9 |
| Мил. ЕУР | 56,8 | 32,9 | -23,9 | -42,0 |
| Мил.$ | 61,4 | 36,4 | -25,0 | -40,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 675,1 | 656,9 | -18,1 | -2,7 |
| Мил. ЕУР | 488,9 | 408,2 | -80,7 | -16,5 |
| Мил.$ | 528,8 | 450,9 | -77,9 | -14,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 36,4 | 43,9 | 7,5 | 20,5 |
| Мил. ЕУР | 1.109,7 | 967,7 | -142,0 | -12,8 |
| Мил.$ | 1.199,7 | 1.067,9 | -131,7 | -11,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 18,0 | 19,4 | 1,4 | 7,9 |
| Мил. ЕУР | 105,2 | 104,6 | -0,7 | -0,6 |
| Мил.$ | 113,8 | 115,4 | 1,7 | 1,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 396,4 | 420,1 | 23,7 | 6,0 |
| Мил. ЕУР | 309,2 | 318,1 | 8,9 | 2,9 |
| Мил.$ | 334,7 | 350,6 | 16,0 | 4,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2024 | I-VII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 412,0 | 495,0 | 82,9 | 20,1 |
| Мил. ЕУР | 284,3 | 309,3 | 25,0 | 8,8 |
| Мил.$ | 307,5 | 341,5 | 33,9 | 11,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јули 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,4%, односно 10,5 милиони евра споредено со јули 2024 година.

Во периодот јануари - јули 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,5%, односно 29,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во првите седум месеци од 2025 година, 89,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Турција, а потоа следуваат: Грција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,8% од трговската размена во периодот јануари - јули 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,0% и 89,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,0 п.п, а кај увозот за 0,9 п.п. во однос на периодот јануари – јули 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VII - 2024 | | | | | I - VII - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.501,5 | 5.851.645.569 | 61,5593 | 360.223.205.055 | 90,1 | 3.679,2 | 5.945.743.229 | 61,6054 | 366.289.889.904 | 89,2 | 94.097.660 | 1,61 |
| УСД | 342,6 | 626.267.161 | 56,9092 | 35.640.363.110 | 8,9 | 418,0 | 727.106.488 | 55,9169 | 40.657.540.759 | 9,9 | 100.839.327 | 16,1 |
| ГБП | 1,7 | 14.561.553 | 72,1657 | 1.050.844.693 | 0,3 | 1,2 | 12.571.606 | 72,8565 | 915.923.219 | 0,2 | -1.989.947 | -13,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.845,8 | | | 396.914.412.858 | 99,1 | 4.098,3 | | | 407.863.353.882 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.858,3 | | | 399.603.727.406 | 100,0 | 4.111,9 | | | 410.470.404.395 | 100,0 | | 2,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – јули 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 187.300 милиони денари, што претставува 51,7% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,2% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 171.388 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 53,7% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 6,5% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 105.921 милион денари (реализација од 53,3% од планираниот износ за 2025 година), додека придонесите се реализирани во износ од 64.603 милиони денари (годишен раст од 8,8%, односно 55,2% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи, се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 7,2%, данок на добивка за 4,2%, данок на додадена вредност за 2,6%, акцизи за 7,7% и увозни давачки за 16,6%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 15,2%. Во овој период, неданочните приходи

бележат зголемување од 24,6%, капиталните приходи се зголемени за 49,9%, а приходите по основ на странски донации за 71,9%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јули 2025 година изнесува 213.407 милиони денари, што претставува 52,9% од годишниот план, и бележи зголемување за 9,6% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 198.156 милиони денари или 55,6% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 10,3% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 10,3%, кај расходите за стоки и услуги за 8,2%, и каматните расходи кои се зголемени за 8,3%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 10,7%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,8%, расходите за здравствена заштита за 10,4% и блок и наменските дотации за 10,0%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 3,5%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 15.251 милион денари (32,2% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јули 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | јануари - јули 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **187.300** | **8,2%** | **51,7%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **171.388** | **6,5%** | **53,7%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 105.921 | **5,4%** | **53,3%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 18.703 | **7,2%** | **52,4%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 13.831 | **4,2%** | **59,4%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 46.740 | **2,6%** | **53,9%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 17.647 | **7,7%** | **49,9%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 8.486 | **16,6%** | **52,2%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 514 | **-15,2%** | **39,3%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 64.603 | **8,8%** | **55,2%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **12.438** | **24,6%** | **40,6%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **820** | **49,9%** | **29,0%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **2.654** | **71,9%** | **27,2%** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **213.407** | **9,6%** | **52,9%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **198.156** | **10,3%** | **55,6%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 27.301 | **10,3%** | **55,5%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 12.856 | **8,2%** | **45,9%** |
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 144.872 | **10,7%** | **56,0%** |
| Социјални | 191.046 | 193.296 | 109.412 | **12,8%** | **56,6%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| трансфери | | | | | |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 70.811 | **16,4%** | **57,8%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 852 | **-23,7%** | **24,8%** |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 8.747 | **-0,1%** | **59,0%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 29.002 | **10,4%** | **55,2%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 34.179 | **3,5%** | **55,4%** |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 13.127 | **8,3%** | **63,7%** |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **15.251** | **/** | **32,2%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-26.107** | **20,2%** | **63,1%** |

Извор: Министерство за финансии
* Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот на капитални расходи за истиот период од 2024 година.


**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-јули 2025 година



**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-јули 2025 година


Дефицитот на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јули 2025 година изнесува 26.107 милиони денари, што претставува 2,6% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 63,1% од годишниот план.


**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)


## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – јули 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 47.093 милиони денари или 65,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (74,3%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 34.968 милиони денари или 69,3% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 60,4% (8.594 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 23.937 милиони денари, што е 53,4% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13.838 милиони денари или 57,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,0%, за што се потрошени 5.501 милион денари, односно 56,2% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јули 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 9.154 милиони денари, што претставува 55,1% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 66,6%, за што се потрошени 6.100 милиони денари или 56,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,2%. За таа намена беа реализирани 1.576 милиони денари или 57,6% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.762 милиона денари што претставува 70,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 93,0% во вкупните расходи, реализирани се 74,8% од планираните средства за цела година, односно 5.357 милиони денари.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-јули 2025 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – јули 2025 година, Министерството за одбрана реализира 11.529 милиони денари, што е 56,4% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 39,9%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.605 милиони денари (54,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 31,6% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 3.641 милион денари, односно 55,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јули 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.978 милиони денари, односно 42,8% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 52,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.047 милиони денари (40,3% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 4.265 милиони денари или 53,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 50,1%, за што се потрошени 2.136 милиони денари или 61,0% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.924 милиони денари (52,5% од планираното за годината) и учество од 45,1% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – јули 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 6.404 милиони денари, што е 35,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 90,8% од вкупно

реализираните средства на овој буџетски корисник (5.812 милиона денари или 34,9% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 936 милиони денари, што претставува 49,5% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (461 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 49,2%, а притоа се реализирани 53,5% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 27,3% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 255 милиони денари или 39,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јули 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 111.620 новозасновани работни односи[3]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 2,4%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 44,5% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јули 2025 година, 13,3% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јули 2025 година изнесува 139.521, од кои 96.618 лица се активни баратели на работа, а 42.903 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 4,0%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јуни 2025 година, бројот на невработени е намален за 1.375 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,6%) е градско население, а според половата структура 48,5% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 66,8% е со непотполно средно образование или помалку, 25,4% со завршено средно образование, а 7,8% со вишо или повисоко ниво на образование.

[3] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јуни 2025 година изнесувала 45.468 денари и остварила годишен раст од 8,4%, а во однос на мај 2025 година таа е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јуни 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (14,7%), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,7%) и Рударство и вадење камен (12,2%). Во јуни 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 3,8%. Највисока просечна нето-плата во јуни 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (84.912 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (103.716 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 64.200 денари, секторот Рударство и вадење камен со 56.746 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 55.830 денари.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2025 година изнесувала 68.340 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 8,5%, а на месечна основа таа е пониска за 0,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јуни 2025 година во однос на јуни 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (14,9%), Дејности на здравствена и социјална заштита (13,0%) и Рударство и вадење камен (12,3%).

## Пензии

Во јули 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 344.036 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, јуни 2025 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,5% се корисници на старосна пензија или 245.971 пензионер, 21,4% на семејна пензија или 73.653 пензионери и 7,1% на инвалидска пензија, односно 24.412 пензионери.

Просечната пензија во јули 2025 година изнесува 26.150 денари, што покажува дека таа е повисока за 23,4% во однос на истиот месец од 2024 година[4]. Просечната старосна пензија во јули 2025 година изнесува 27.773 денари, просечната инвалидска пензија 23.680 денари, а просечната семејна пензија 21.549 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 8.993 милиони денари, што претставува 52,9% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во јули 2025 година со просечната исплатена плата во јуни 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,6%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за јули 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| **старосни** | 245.971 | 71,5% | 27.773,00 |
| **инвалидски** | 24.412 | 7,1% | 23.680,00 |
| **семејни** | 73.653 | 21,4% | 21.549,00 |
| Вкупно | 344.036 | 100,0% | 26.150,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 32 | | 15.915,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 698 | | 34.641,00 |
| **Вкупно** | 344.766 | | 26.166,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јули 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.

Во јули 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.




[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во јули 2025 година, примарните пари[5] се зголемија за 0,6% на месечно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на готовите пари во оптек за 4,3% на месечно ниво додека вкупните ликвидни средства се намалија за 2,8%.

Во јули 2025 година, примарните пари се зголемија за 11,5% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 10,5% и растот на готовите пари во оптек за 12,5%.

## Депозитен потенцијал[6]




Во јули 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,6% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата останале речиси непроменети, односно се зголемиле за 0,1%, а депозитите на домаќинствата регистрирале раст од 1,1%.

Од аспект на валутата, во јули 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и депозитите во странска валута се зголемија за 0,7% и 0,6%, соодветно.

Во јули 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 13,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 20,0%, а депозитите во странска валута за 3,7%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст на годишно ниво од 14,5%, а депозитите на домаќинствата раст од 13,3%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***618.596*** | ***0,6%*** | ***13,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *375.887* | *0,7%* | *20,0%* |
| *Странска валута* | *242.709* | *0,6%* | *3,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *226.285* | *-0,2%* | *5,0%* |
| *Долгорочни* | *151.521* | *1,2%* | *16,3%* |

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[6]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кредити на приватен сектор | ***525.622*** | ***0,6%*** | ***13,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *334.589* | *1,2%* | *19,9%* |
| *Странска валута* | *191.033* | *-0,4%* | *2,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *78.529* | *-2,5%* | *13,9%* |
| *Долгорочни* | *431.697* | *1,2%* | *13,7%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 5,0%, а долгорочните депозити за 16,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,8%.

## Кредити на банките

Во јули 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,4% и раст кредитирањето на домаќинствата за 0,8%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,2%, а девизните кредити се намалија за 0,4%.

На годишна основа, во јули 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 13,0%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 15,9% и 10,4%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,9%, а кредитите во странска валута за 2,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 13,7%, а краткорочните кредити од 13,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,12 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,91%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,13 п.п. и изнесува 5,33%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,12 п.п. и изнесува 4,24%.

Во јули 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,21%. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета и изнесува 2,74%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 1,67%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,58%, а на новоодобрените девизни кредити 3,70%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,58% и 2,03%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јули 2025 година се намали за 61,8% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот на класичното тргување за 18,9% и намалувањето на јавната понуда на хартии од вредност за 99,8%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 321,9%.

Вкупниот промет на берзата во јули 2025 година изнесува 359,3 милиони денари, што претставува намалување од 72,8% на годишно ниво.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На крајот на јули 2025 година, македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.454,36 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,1%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 23,3%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јули 2025 година е 4.669,94 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 0,6%, а во однос на јули 2024 година тој е зголемен за 5,5%.